# "РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВОРУРАЛНИ ЗАЕДНИЦИ"

**(Вредност на проектот ЕУР 72, 600.00/ Висина на поддршката од ЕУ ЕУР 67,947.00/ Датум на почнување/завршување на проектот: 01/ 2012- 01/ 2013)**

Со напредувањето на земјата во Евро-интеграциските реформи, почитувањето на родовата рамноправност добива на значење, посебно во руралните заедници, имајќи во предвид дека станува збор за едно од основните човекови права и вредности на Европската Унија. Родовата рамноправност е круцијален предуслов за оддржлив развој и практикување на човековите права и демократски стандарди. И покрај напорите на институциите да воспостават структури и системи кои што ќе гарантираат балансиран пристап во родовите односи, сеуште постои голема потреба од градење на капцитетите и промени во односот кон оваа тема за да дојде до подобрување на практиките за рамноправен човечки развој.

**Здружението за локален рурален развој** го имплементира проектот **"Родова рамноправност во руралните задници"**, поддржан од Европската Унија преку Европскиот Инструмент за Демократија и Човекови Права.

**Поширока цел на проектот** е да постигне ефикасен и рамномерен социо- економски развој преку поддршка на рамноправното учество на жените и мажите во руралните заедници во полошкиот регион: во општините Брвеница, Боговиње, Желино и Врапчиште.

**Конкретна цел на проектот** е да ги подобри капацитетите на локалните институции за ефикасно вклучување на принципите на родова рамноправност при креирање на политиките, преку креирање на специфични и применливи методи и алатки.

**Целни групи на проектот** се членовите на општинските комисии за еднакви можности, како и претставниците на секторите за социјални работи и локален економски развој, локалните граѓански организации активни на полето на човекови права и родови односи, локалните бизниси итн.

**Компоненти на проектот се:**

1. **Градење на капацитетите** на локалните власти во насока на креирање и имплементација на локални политики за родова рамноправност. Обуките ќе бидат фокусирани на имплементација и развој на инструмент за родова рамноправност, политики и правна рамка, родова анализа и родово буџетирање;
2. **Креирање на локални планови за родова рамноправност** со што ќе се овозможи на институционализирање на родовиот концепт на локално ниво. Плановите ќе бидат доставени за усвојување на Општинските совети;
3. **Јавна кампања и едукативни активности** за значењето на родовата рамноправност за заедниците, преку организирање на јавни дебати, печатење и дистрибуција на брошури и памфлети.

**Резултати од проектот:**

- Структуриран механизам за учество на граѓанскиот сектор во развојот и имплементацијата на локалните политики за родова рамноправност;
- Подобрена соработка помеѓу релевантните чинители на локално ниво за родовата рамноправност ;
- Развиени применливи методологии и алатки за имплементација на концептот на родова рамноправност во руралните зедници на Полошкиот регион;
- Подигната јавната свест во руралните средини за инструментите и придобивките од примена на родовата рамноправност.

***За повеќе информации посетете ја страната www.zlrr.org.mk, или контактрирајте не на office@zllr.org.mk***